**ЗАПИСНИК**
**од 2-та (јавна) седница на Советот**
**одржана на 09.01.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Методија Јанчески, Лазо Петрушевски, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Сељадин Џезаири, Методи Стоименовски, Столе Наумов, Антонио Јовановски.

**Отсутни членови на Совет:** Селвер Ајдини (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Арбен Саити, Катерина Митре, Јетон Исмаили и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари:** Теута Бучи од ТВ Ера, Викторија Тодоровска од МТВ, Сања Јовановиќ од ТВ Телма, Соња Казиовска од Дневник, Маја Јовановска од ТВ Канал 5, Михајло Видимлиски од 24 Вести, Бојан Стојановски од ТВ Алфа, Владо Апостолов од Фокус.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 2-та (јавна) седница на Советот за радиодифузија на РМ.

Во однос на дневниот ред, понуди свои предлози за дополнување и измена. Имено како точка број 3 предложи да се додаде "Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања", под точка број 4 да се додаде "Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг", точка број 5 - "Предлог – Одлуката за изменување на Одлуката за извршување попис на средствата и формирање Пописна комисија бр. 02-6259/1 од 10.12.2012 година" и како точка број 6 - "Информација во врска со доставената Изјава за престанок на емитување радио програма од страна на ТРД Радио Равел ДООЕЛ Скопје".

Членот на Советот Столе Наумов, предложи двете нови точки под број 3 и 4, односно "Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања" и "Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг", да се одложат, бидејќи за нив е потребно време за да повнимателно и посериозно се разгледаат.

Предлогот горенаведените точки да се одложат, го поддржа и членот на Советот Лазо Петрушевски, кој наведе дека материјалите за "Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања" и "Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг", до членовите на Советот се доставени непосредно пред започнување на седницата и од таа причина недостига време истите да се разгледаат.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи рече дека точките "Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања" и "Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг" претставуваат сериозен материјал на кој треба да се посвети повеќе време и предложи нивното разгледување да се одложи.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски предложи точките да останат во Дневниот ред, но се согласи нивното разгледување да се пролонгира за продолжението на 2-та (јавна) седница на Советот.

Советот сите понудени предлози и забелешки ги усвои едногласно. Советот со 14 гласа „за“, едногласно, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 59-та седница одржана на 08.12.2012 година.
2. Информација за ТРД Монако – Радио Сити ФМ ДООЕЛ Куманово, по иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.
3. Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања.
4. Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг.
5. Предлог – Одлука за изменување на Одлуката за извршување попис на средствата и формирање Пописна комисија бр. 02-6259/1 од 10.12.2012 година.
6. Информација во врска со доставената Изјава за престанок на емитување радио програма од страна на ТРД Радио Равел ДООЕЛ Скопје.
7. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 4 декември 2012 година.
8. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Сител ДООЕЛ – Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година.
9. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година.
10. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис МРТ1 на ЈП МРТ, емитуван на 3 декември 2012 година.
11. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис МРТ2 на ЈП МРТ, емитуван на 3 декември 2012 година.
12. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Алсат–М ДОО Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година.
13. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РФМ, ДООЕЛ Скопје, емитуван на 26 ноември 2012 година.
14. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, село Арачиново, емитуван на 27 ноември 2012 година.
15. Извештај од од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО,Скопје, емитуван на 27 ноември 2012 година.
16. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Непрофитна радиодифузна организациона единица Универзитетско радио Студент ФМ 92.9 – Универзитет Св. "Кирил и Методиј" Скопје, емитуван на 27 ноември 2012 година.
17. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 59-та седница одржана на 08.12.2012 година. Забелешки во однос на Записникот не беа понудени. Советот со 12 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Советот, Сељадин Џезаири и м-р Борис Арсов, го усвои Записникот од 59-та седница одржана на 08.12.2012 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот ја разгледа Информацијата за ТРД Монако – Радио Сити ФМ ДООЕЛ Куманово, по иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи објасни дека Советот за радиодифузија на својата 61-та седница, ја разгледа Информацијата за плаќање на доспеаниот надоместок и врз основа на член 63 став 1, алинеја 4, а согласно член 64 од Законот за радиодифузната дејност, иницираше постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД Монако-Радио Сити ФМ ДООЕЛ Куманово , кој не го плати надоместокот во рокот утврден во дозволата. На радиодифузерот му беше доставено последно предупредување тоа да го стори во рок од 15 дена, односно најдоцна до 8 јануари 2013 година, но ТРД Монако-Радио Сити ФМ ДООЕЛ Куманово и во дополнителниот рок не го платил пресметаниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот ја усвои Информацијата за ТРД Монако-Радио Сити ФМ ДООЕЛ Куманово, по иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот, врз основа на член 63 став 1, алинеја 4 и член 64 од Законот за радиодифузната дејност и член 23, став 4 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ ("Службен Весник на РМ бр.64/12), донесе едногласна Одлука за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност бр.07-438 од 28.12.2010 година на трговското радиодифузно друштво Монако-Радио Сити ФМ ДООЕЛ Куманово, кое заклучно со зададениот рок, врз основа на издадената пресметка не ја исполни својата законска обврска да го плати надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот одлучи на ТРД Монако-Радио Сити ФМ ДООЕЛ Куманово, кое не изврши уплата по основ на издадената пресметка, согласно член 23, став 5 и 6 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ ("Службен Весник на РМ бр.64/12), да му издаде фактура која се однесува само на периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на Одлуката за одземањето на дозволата. Издадената фактура ќе треба да ја плати, не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

Советот го задолжи Секторот за технологии и информатика да ја извести Агенцијата за електронски комуникации за одлуката на Советот.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот одлуката да ја објави во "Службен Весник на РМ".

**Точка 3**

Советот го разгледа Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања.

Раководителот на Секторот за програмски работи објасни дека во текот на 2012 година беа извршени измени на Изборниот законик, но тие не се однесуваат на мониторингот што го реализира Советот за радиодифузија во периодот од распишувањето на изборите, па се до почетокот на изборната кампања. Оттаму, во сила е Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања донесен во 2011 година, врз основа на обврската од член 75 став 2. Имено, со овој Правилник регулаторот пропишува кои содржини „се сметаат за изборно медиумско претставување и кои не се дозволени во периодот пред започнување на изборната кампања, како и начинот на однесување на радиодифузерите од денот на распишување на изборите до денот определен за започнување на изборната кампања". Во овој контекст, со *Правилникот за*

*однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања* се дефинира што е тоа изборно медиумско претставување (член 1) и се определува дека радиодифузерите, во периодот пред да започне изборната кампања, не смеат да емитуваат вакви содржини. За да ја исполнат својата функција и да информираат за подготовките за избори, тие - во овој период - имаат право да известуваат за изборните активности на политичките партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници само во дневно-информативните емисии (член 4). Изборите можат да бидат тема и на посебните информативни емисии, но во нив не смеат да учествуваат потврдените кандидати, а доколку во емисиите се вклучени разговори или изјави на соговорници или се реализирани во форма на соочувања (дебати) со претставници на политички партии, коалиции и групи избирачи, радиодифузерите треба да овозможат рамноправна застапеност на политичките субјекти и од власта и од опозицијата (член 14). Платеното политичко рекламирање, со оглед на тоа дека е облик на изборно медиумско претставување, не е дозволено од распишување на изборите до започнување на изборната кампања (член 15).

Советот одлучи усвојувањето на Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања, да го одложи за првото продолжение на 2-та (јавна) седница на Советот.

**Точка 4**

Советот го разгледа Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг.

Раководителот на Секторот за програмски работи објасни дека Мониторингот на изборите во првиот и во вториот круг на Локалните избори 2013 година ќе се реализира според Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања донесен во 2011 година. Методологијата за мониторинг е разработена и комплетирана низ изминатите изборни процеси и резултатите до кои е доаѓано со нејзината примена секогаш биле позитивно оценувани од Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР. Оттаму, во неа е интервенирано само онолку колку што е потребно за таа да се прилагоди на специфичностите на локалните избори: определување на опфатот и примероците за првиот и вториот круг, принципите за обезбедување избалансираност кои се различни за различни типови изборни процеси, бројот на соработници и сл.

Советот одлучи усвојувањето на Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг, да го одложи за првото продолжение на 2-та (јавна) седница на Советот.

**Точка 5**

Советот ја рзагледа Предлог – Одлуката за изменување на Одлуката за извршување попис на средствата и формирање Пописна комисија бр. 02-6259/1 од 10.12.2012 година

Советот донесе едногласна Одлука за изменување на Одлуката за извршување попис на средствата и формирање на Пописна комисија бр.02-6259/1 од 10.12.2012 година, и одлучи во точката 3, став 2, зборовите "најдоцна до 15 јануари 2013 година" да се заменат со зборовите "најдоцна до 7 февруари 2013 година".

Сите останати одредби од Одлуката бр.02-6621/1 од 28.12.2012 година, за извршување попис на средствата и формирање на Пописна комисија, остануваат неизменети.

**Точка 6**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со доставената Изјава за престанок на емитување радио програма од страна на ТРД Радио Равел ДООЕЛ Скопје.

Членот на Советот, Столе Наумов потсети дека наведениот медиум пред само неколку месеци извршил промена на сопственичката структура. Во таа насока посочи дека ТРД Радио Равел во тој период имал можност да го продаде медиумот, но сепак извршил промена на сопственичката структура, за да потоа достави Известување со кое го известува Советот дека заклучно со 25.12.2012 година престанува со емитувањето на радио програмата. Наведе дека не му е логично зошто радиодифузерот не го продал медиумот бидејќи во Скопје слободни фрекфенции за регионално радио нема, а сепак постои голем интерес за тоа. Но, бидејќи е легитимно правото на радиодифузерот за враќање на фрекфенцијата, рече дека ќе го поддржи. Исто така членот на Советот, Столе Наумов информира дека иако Радио Равел го навел крајниот датум до кога заклучно ќе ја емитува својата радио програма, според негови сознанија тие сеуште емитуваат програма.

Советот ја усвои Информацијата во врска со доставената Изјава за престанок на емитување радио програма од страна на ТРД Радио Равел ДООЕЛ Скопје (наш бр.07-439). Советот, едногласно ја уважи Изјавата, бр.07-439 од 26.12.2012 година, на Ристе Здравков управител на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје, и донесе Решение за престанок на важноста на дозволата, бр.07-1955/1 18.06.2007 година, за вршење радиодифузна дејност за терестријално емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, со опфат на слушаност на регионално ниво – Скопје, на имателот ТРД „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје.Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје, нема долг кон Советот за радиодифузија на РМ. Советот го задолжи Секторот за технологии и информатика да ја извести Агенцијата за електронски комуникации за Решението на Советот.

**Точка 7**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 4 декември 2012 година.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, запраша зошто мониторингот на ТВ Телма е реализиран на 4 декември 2012 година, а на останатите медиуми мониторингот е направен на 3 декември 2012 година? Раководителот на Секторот за програмски работи одговори дека во принцип секогаш се реализира мониторинг на програмата на медиумите во ист ден, но бидејќи снимката на 3 декември 2012 година на ТВ Телма не била комплетна поради технички причини, мониторингот е реализиран следниот ден, на 4 декември 2012 година.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, во однос на прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), констатиран кај ТВ Телма, рече дека овој вид прекршувања многу често се забележуваат и повторуваат кај програмата на медиумите и со цел да се отстранат, во неколку наврати предложил да се организира состанок со претставници од медиумите за да се разјаснат и објаснат причините кои најчесто доведуваат до овој вид прекршување и истите да бидат во склад со Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. И како што рече повторно предлага да се реализира состанок со преставници од медиумите. За прекршувањето на член 71

став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), предложи писмена опомена. Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 4 декември 2012 година. По предлог на членот на Советот, м-р Борис Арсов, Советот со 12 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Советот, Сељадин Џезаири и Столе Наумов, одлучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се изрече мерката: писмена опомена.

По предлог на членот на Советот, Столе Наумов, Советот со 13 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје:

- поради прекршување на член 94 став 4 од Законот за радиодифузната дејност (емитување телешопинг прозорец и рекламен блок во ист реален час,) да се упати укажување.

Советот го задолжиСекторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира Одлуката и укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 8**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Сител ДООЕЛ – Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година.

Членот на Советот м-р Борис Арсов, поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), предложи на ТВ Сител да му се изрече мерката писмена опомена.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), предложи на ТВ Сител да му се упати укажување.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, рече дека не само за наведениот радиодифузер, туку принципиелно и за сите останати радиодифузери кој го прекршуваат член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), Советот треба да биде поригорозен во донесување и изрекување на мерките за овој вид прекршување. Запраша доколку не се постапува така, како би се постигнала политиката на семејно гледање на телевизија?

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека од предложените Извештаи од мониторинг потребно е секое прекршување посебно да се разгледа, и во таа насока секој од членовите на Советот треба да имаат изградено свој спствен став за истите кој можеби ќе биде различен од она што го забележал Секторот за програмски работи. Нагласи дека Република Македонија нема тело, институција која е специјализирана и овластена да ја категоризира играната програма и од таа причина категоризацијата е доверена на самите радиодифузери. Не е потребно во секоја емитувана програма да се бара вулгарен говор, сексуални примеси и сл. Советот секако дека треба да обрне

внимание, но треба да се знае во кој случај Советот ќе реагира поригорозно а во кој случај поблаго со изрекување мерки.

Членот на Советот, м-р Васко Петревски, рече бидејќи во Република Македонија нема формирано тело за категоризација на играната програма и категоризацијата ја прават самите радиодифузери, тогаш е непринципиелно кога веќе самите радиодифузери ја одределе категоризацијата на играната програма, потоа истите да не внимаваат на временскиот период и да не ја почитуваат.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече бидејќи во Република Македонија нема формирано тело за категоризација на играната програма, задача на Советот е да ја заштити малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот развој.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Сител ДООЕЛ – Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година.

По предлог на членот на Советот, м-р Борис Арсов, Советот со 10 гласа „за“ и четири воздржани гласа од членовите на Советот, м-р Алма Машовиќ, Замир Мехмети, Сељадин Џезаири и Столе Наумов, одлучи на ТРД Сител ДООЕЛ – Скопје:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се изрече мерката: писмена опомена.

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот со 11 гласа „за“, еден глас против од членот на Советот, Сељадин Џезаири и два воздржани гласа од членовите на Советот, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов, одлучи на ТРД Сител ДООЕЛ – Скопје:

- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час), да се изрече мерката: писмена опомена.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, поради прекршување на член 106 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (спонзорираните програми не треба да ја поттикнуваат продажбата, купувањето или изнајмувањето на производи или услуги од спонзорот или на трето лице), предложи на ТВ Сител да му се изрече мерката писмена опомена.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека во Извештајот е евидентно дека станува збор за постари емисии кој некогаш се емитувале и кој сега се репризираат во временски период после полноќ. Предложи на ТВ Сител да им се укаже да го отстранат прикриеното рекламирање во емисиите доколку сакаат да продолжат и понатаму да ги репризираат. Во однос на прекршување на член 106 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (спонзорираните програми не треба да ја поттикнуваат продажбата, купувањето или изнајмувањето на производи или услуги од спонзорот или на трето лице), предложи на ТВ Сител да му се упати укажување.

Членот на Сопветот, Бранко Радовановиќ рече дека ова преставува пример кога сака да се постигне консензус со стари емисии, се прават нови прекршоци. Но доколку се прочитаат цитатите во извештајот каде е констатирано прикриеното рекламирање ќе се забележи дека изобилува со недостатоци од аспект на правилен изговор на македонскиот јазик. Му препорача на ТВ Сител да обрне поголемо внимание на програмата што ја добиваат од независните продукции и да внимаваат во иднина што пуштаат во етер и што им нудат на гледачите.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, рече дека мора да истакне дека кај ТВ Сител се забележува голем напредок во однос на почитување на Законот. Истакна дека Секторот за програмски работи во извештајот од мониторинг забележал дека на 3 декември 2012 година, вкупниот процент на изворно создадена програма на македонски јазик емитувана на ТВ Сител изнесува 29.03%.

Членот на Советот, Замир Мехмети рече дека не е дозволиво ТВ Сител кога веќе во старите емисии го прекршил член 106 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, повторно да ги емитува истите емисии односно да ги репризира емисиите без притоа да ги усогласи со Законот за радиодифузната дејност. Запраша дали ТВ Сител сметал дека Советот можеби нема да ги евидентира прекршувањата? Потенцира дека без разлика временски кога и да се направени прекршувањата, било во 2008, 2010 или во 2013 година, тие преставуваат прекршување на Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти кој ги има донесено Советот и за тоа треба да се сноси одговорност.

Советот со 11 гласа „за" и три воздржани гласа од членовите на Советот, Сељадин Џезаири, Бранко Радовановиќ и Методи Стоименовски, одлучи на ТРД Сител ДООЕЛ – Скопје:
- поради прекршување на член 106 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (спонзорираните програми не треба да ја поттикнуваат продажбата, купувањето или изнајмувањето на производи или услуги од спонзорот или на трето лице), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира Одлуките во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 9**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година. Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година.

По предлог на членот на Советот, Столе Наумов, Советот со 12 гласа „за" и два воздржани гласа од членовите на Советот, Бранко Радовановиќ и Сељадин Џезаири, одлучи на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ, Скопје:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува), да се изрече мерката: писмена опомена.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, потенцира дека во предложениот извештај е забележано дека ТВ Канал 5 сеуште ја нема извршено мерката која му е изречена и во таа насока предложи веднаш да се предупреди радиодифузерот дека мерката Времена забрана за рекламирање и телешопинг од три дена, бр.03-19 од 24.01.2011 година, мора да ја изврши во целост.

Советот со 12 гласа „за" и два воздржани гласа од членовите на Советот, Бранко Радовановиќ и Сељадин Џезаири, одлучи на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ, Скопје:
- поради прекршување на член 99 став 1 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност (непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви допис до ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ, Скопје со кој ќе го предупреди радиодифузерот дека мерката Времена забрана за рекламирање и телешопинг од три дена, бр.03-19 од 24.01.2011 година, мора да ја изврши во целост најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира Одлуките во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 10**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис МРТ1 на ЈП МРТ, емитуван на 3 декември 2012 година.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека сака јавно да го пофали програмскиот сервис МРТ1, пред се во насока на почитување на Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти. Исто така потенцира дека многу бил задоволен од програма која се емитувала за новогодишните празници од каде се забележува дека одговорните лица на МТВ навистина се потрудила квалитативно да ја подобрат програмската содржина. Единствено напомена дека има забелешки околу образовната програма наменета за помладата поулација за која рече дека треба повеќе да биде застапена на програмата, но верува дека во догледно време МТВ и тоа ќе го корегира.

Советот едногласно го усвои Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис МРТ1 на ЈП МРТ, емитуван на 3 декември 2012 година.

Со еднодневниот мониторинг на програмскиот сервис МРТ1, реализиран на 3 декември 2012 година, не се констатирани прекршувања на Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти.

**Точка 11**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис МРТ2 на ЈП МРТ, емитуван на 3 декември 2012 година.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), предложи на МТВ2 да се изрече мерката: писмена опомена.

Заменикот на претседателот д-р Милам Фетаи, објасни дека редовно ја следи програмата на МРТ2 и во таа насока рече дека се забележува големо подобрување во работата во однос на почитување на Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти и при тоа истото може да се увиди и од предложениот извештај каде е констатирано само едно прекршување. Поради констатираното прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), предложи на МТВ2 да се изрече мерката: писмена опомена.

Членот на Советот, м-р Васко Петревски, предложи програмскиот сервис МРТ2 на ЈП МРТ со допис да се предупреди дека мерката Писмена опомена со барање за објавување, бр.03-362 од 25.10.2012 година, мора да ја изврши најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис МРТ2 на ЈП МРТ, емитуван на 3 декември 2012 година.

Советот со 14 гласа „за“, едногласно, одлучи на МРТ2 на ЈП МРТ:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви допис до програмскиот сервис МРТ2 на ЈП МРТ со кој ќе го предупреди дека мерката Писмена

опомена со барање за објавување, бр.03-362 од 25.10.2012 година, мора да ја изврши најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја евидентира Одлуката во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 12**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Алсат–М ДОО Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Алсат–М ДОО Скопје, емитуван на 3 декември 2012 година.

Советот со 12 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Советот Сељадин Џезаири и м-р Васко Петревски, одлучи на ТРД Алсат–М ДОО Скопје:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот со 13 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи на ТРД Алсат–М ДОО Скопје:

- поради прекршување на член 99 став 1 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност (непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите), да се упати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира Одлуката и укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 13**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РФМ, ДООЕЛ Скопје, емитуван на 26 ноември 2012 година.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РФМ, ДООЕЛ Скопје, емитуван на 26 ноември 2012 година.

Советот едногласно одлучи на ТРД РФМ, ДООЕЛ Скопје:

- поради прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот едногласно одлучи на ТРД РФМ, ДООЕЛ Скопје:

- поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност – помалку од 30% вокално-инструментална музика на македонски јазик, да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот со 13 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи на ТРД РФМ, ДООЕЛ Скопје:

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства), да се упати укажување.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи во рок од 30 дена да реализира контролен мониторинг на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РФМ, ДООЕЛ Скопје.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира Одлуките и укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 14**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, село Арачиново, емитуван на 27 ноември 2012 година. Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, село Арачиново, емитуван на 27 ноември 2012 година.

Советот, по предлог на членот на Советот, Столе Наумов, едногласно одлучи на ТРД АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, село Арачиново:

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување на реклами), да се упати укажување.

По предлог на членот на Советот, Столе Наумов, Советот го задолжи Секторот за програмски работи во рок од 30 дена да реализира контролен мониторинг на програмскиот сервис на ТРД АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, село Арачиново.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да го евидентира укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 15**

Советот го разгледа Извештајот од од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО,Скопје, емитуван на 27 ноември 2012 година. Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО,Скопје, емитуван на 27 ноември 2012 година.

Советот едногласно одлучи на ТРД РАДИО ВАТ ДОО,Скопје:

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства) да се упати укажување.

Советот едногласно одлучи на ТРД РАДИО ВАТ ДОО,Скопје:

- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да се упати укажување.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи во рок од 30 дена да реализира контролен мониторинг на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО, Скопје.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 16**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Непрофитна радиодифузна организациона единица Универзитетско радио Студент ФМ 92.9 – Универзитет Св. "Кирил и Методиј" Скопје, емитуван на 27 ноември 2012 година.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Непрофитна радиодифузна организациона единица Универзитетско радио

Студент ФМ 92.9 – Универзитет Св. "Кирил и Методиј" Скопје, емитуван на 27 ноември 2012 година.

По предлог на членовите на Советот, Столе Наумов и Лазо Петрушевски, Советот едногласно одлучи на Универзитетското радио Студент ФМ 92.9 – Универзитет Св. "Кирил и Методиј" Скопје:

- поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност – помалку од 30% вокално-инструментална музика на македонски јазик да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да подготви допис до Непрофитната радиодифузна организациона единица Универзитетско радио Студент ФМ 92.9 – Универзитет Св. "Кирил и Методиј" Скопје со кој ќе им укаже дека во анализираниот ден, само 5.5% од вкупно емитуваната програма е говорен дел, што не е во согласност со програмските услови утврдени во Анексот В кој е составен дел на доделената Дозвола, кадешто е пропишано дека говорниот дел треба да зафаќа најмалку 20% од вкупно емитуваната програма во текот на денот

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја евидентира Одлуката во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 17**
**Разно**

Советот со 13 гласа „за“, одлучи во Одлуката бр.02-6621/1 од 28.12.2012 година, во точката 1, став 1, по редниот број “40”, да се додадат 3 (три) нови редни броеви, и тоа 41, 42 и 43. (членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, не беше присутен за време на гласањето).

Сите останати одредби од Одлуката бр.02-6621/1 од 28.12.2012 година, остануваат неизменети.

Советот ги задолжи Секторот за правни работи и Секторот за економско-финансиски работи да ги преземат потребните активности за реализација на горенаведената одлука на Советот.

## ЗАПИСНИК
## од првото продолжение на 2-та (јавна) седница на Советот
## одржано на 10.01.2013 година

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, Лазо Петрушевски, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Селадин Џезаири, Методи Стоименовски, Столе Наумов, Антонио Јовановски.

**Отсутни членови на Совет:** д-р Милаим Фетаи (оправдано отсутен), Селвер Ајдини (оправдано отсутен), м-р Борис Арсов (оправдано отсутен), м-р Методија Јанчески (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Емилија Јаневска, м-р Драгица Љубевска, Катерина Митре, Јетон Исмаили и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари: /**

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, го отвори првото продолжение на 2-та (јавна) седница на Советот.

**Точка 1**

Советот го разгледа Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања.

Советот со 11 гласа „за“, едногласно, го усвои Концептот за набљудување на радио и телевизиските програмски сервиси во периодот пред почетокот на изборната кампања.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви допис до Државната комисија за спречување на корупција со кој ќе ги извести дека Советот за радиодифузија на РМ ќе ангажира надворешни соработници за мониторинг на медиумите во периодот пред почетокот на изборната кампања за Локалните избори 2013 година.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи, поради распишувањето на Локалните избори 2013 година, да подготви допис до сите радиодифузери во РМ со кој ќе ги извести за обврските кои произлегуваат од Изборниот законик и Правилникот за однесување на радиодифузерите пред започнувањето на изборната кампања.

**Точка 2**

Советот го разгледа Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг.

Советот со 11 гласа „за“, едногласно, го усвои Концептот за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси од почетокот на изборната кампања до завршување на гласањето – прв и втор круг.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви допис до Државната комисија за спречување на корупција со кој ќе ги извести дека Советот за радиодифузија на РМ ќе ангажира надворешни соработници за мониторинг на медиумите за време на изборната кампања за Локалните избори 2013 година.

**Точка 3**

Советот ја разгледа Информацијата за потребата за склучување Анекс на Договорот за набавка на услугата – Подготовка и извршување на националната едукативна кампања.

Членот на Советот, Столе Наумов, во однос на адаптацијата на телевизискиот спот за информирање на граѓаните за процесот на дигитализацијата (кој се реализира на македонски јазик), имајќи во предвид дека во Република Македонија живеат и Власи, предложи спотот освен на јазиците – албански, турски, ромски и српски, истиот да биде преведен и на влашки јазик.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, поддржана и од другите членови на Советот, бидејќи целта на кампањата треба да биде разбирлива за сите граѓани во Република Македонија, предложи телевизискиот спот за информирање на граѓаните за процесот на дигитализацијата да се адаптира и преведе и на бошњачки јазик.

Советот ја усвои Информацијата за потребата за склучување Анекс на Договорот за набавка на услугата – Подготовка и извршување на националната едукативна кампања (бр.03-6438/1 од 19.12.2012 година).

Советот со 11 гласа „за“, едногласно одлучи за потребите на Советот за радиодифузија на РМ да се набави дополнителна услуга – Подготовка и извршување на национална едукативна програма (во рамките на проектот SEE Digi. TV 2012 година), која се состои од адаптација на телевизискиот спот за информирање на граѓаните за процесот на дигитализацијата (кој се реализира на македонски јазик), на

албански, турски, ромски, српски, влашки и бошњачки јазик, од првобитниот носител на набавка Друштво за маркетинг „ЊУ МОМЕНТ ЊУ ИДЕАС КОМПАНИ“ ДОО, Скопје, за предметот за јавна набавка за кој со Советот за радиодифузија на РМ како Набавувач, е склучен основен Договор за јавна набавка на услуги бр.03-6438/1 од 19.12.2012 година (бр.03-349/12 од 19.19.2012 година), односно потребно е да се зголеми вредноста на наведениот договор за дополнителен износ, кој нема да надмине 30% од вредноста на основниот договор, која дополнителна услуга поради нејзината природа не може технички да се оддели од основниот договор.

За реализацијата на потребата од дополнување на основниот договор за јавна набавка, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2013 година.

Советот одлучи договорниот орган – Советот за радиодифузија на РМ, со Друштво за маркетинг „ЊУ МОМЕНТ ЊУ ИДЕАС КОМПАНИ“ ДОО, Скопје, како носител на набавката, да склучи Анекс кон основниот Договор за јавна набавка бр.03-6438/1 од 19.12.2012 година (бр.03-349/12 од 19.12.2012 година), со кој ќе се уредат нивните меѓусебни односи.

**Точка 4**
**Разно**

**Бр. 02-70/19**
**06.02.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*